РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-2946/1
18.02. 2024 год.
ВЕЛЕС

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 18 и "Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22), Градоначалникот на Општина Велес, на ден 18.07.2024 година донесесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 - Индустрија за производство на храна - згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа и складови на дел од КП 12928, КО Велес, Општина Велес кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 32/20 и 111/23), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, за планскиот документ нема да има влијание врз животната средина од следните причини:
   - Предметниот опфат зафаќа мала површина од 2130м$^2$ или 0,21ха.
   - Основна цел на овој проект е да ги дефинира архитектонско-урбанистичките параметри за реализација на планските градби во рамките на проектираниот опфат,
   - Да ја дефинира основната класа на намена како и начинот на употреба на земјиштето, а согласно важечка законска регулатива од областа на урбанистичкото планирање.
   - Со планскиот документ ќе се овозможи афирмација на просторот.
   - Со изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 - Индустрија за производство на храна - згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа и складови треба да се овозможат услови за градба на објект, кој ќе овозможи позитивни ефекти со својата функција врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Изработил: Даниела Петковска
Контролирал: Роза Здравева
Одобрил:Петре Цилаков

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 - Индустрија за производство на храна - згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа и складови на дел од КП 12928, КО Велес, Општина Велес |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | УРБАНПРОЕКТИНГ Друштво за проектирање, трговија и инженеринг – ДООЕЛ Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Велес |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Билјана Тасева диа |
| Назив на работното место | Урбанистички планер |
| Контакт податоци за лицето | УРБАН ПРОЕКТИНГ<br>Друштво за проектирање, трговија и инженеринг – ДООЕЛ Велес<br>Адреса: ул."Никола Оровчанец" бр: 1 , 1400 Велес, Р.Македонија<br>Тел./Фах. 043/222-744; 070/222-848 |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Урбанистичкиот проект е изготвен согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Постапката за изготвување на Урбанистички проект е започната по барање на Инвеститорите Новаковиќ Јелисавета и Новаковиќ Љубомиркој во чија сопственост е и земјиштето.<br>Предметната локација за изработка Урбанистичкиот проект е опфатена во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени условите за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија, со технички број Y35523 од август 2023, за кои Услови е добиено Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП 1-15 1900/2023 од 20.09.2023 година., | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Планскиот опфат нема друга урбанистичка планска документација. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Да. Прехранбена индустрија | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не. | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Една од основните цели на донесување на планскиот документ претставува и концептот на развој и просторна разместеност на индустријата утврдена со Просторниот план на РМ каде што е примена на стратегија на развој на високи технологии усогласени со концепцијата на одржлив развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручна работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем Проектната програма е таа која ќе овозможи изработката на Урбанистички проект | | | |

| |
|---|
| вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 - Индустрија за производство на храна - згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа и складови на дел од КП 12928, КО Велес, Општина Велес, со која ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градби во рамките на проектниот опфат.Реализација на Урбанистички проект ќе биде во функција на поттикнување на развојот на инфраструктурните активности и согласно определбите од Просторниот план на РМ кој треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантна законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз истата. Изработката на Урбанистичкиот проект ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирање на организирани простори согласно законската регулатива, одредување на намени на градежни парцели со компатибилни класи на намена со основната класа на намена која е дефинирана со законската регулатива, планирање на површини за градба на објекти со нивна катност и максимална висина до венец, имајќи го во предвид Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| Во Законот за урбанистичко планирање за урбанистичкиот проект нема одреден период за донесување на планскиот документ. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| Во Законот за урбанистичко планирање за урбанистичкиот проект нема предвидено ревидирање на планскиот документ. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Во границата на проектниот опфат е опфатена катастарскита парцела КП 12928 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС. Истата се движи како што следи:<br>На северна страна предметната КП граничи со КП 1035/1 во рамки на соседен ДУП ЗА УЕ 1 УБ 3 ВЕЛЕС – ОПШТИНА ВЕЛЕС, на јужна страна предметната КП граничи со локален пристапен пат на КП 15590 односно Индустриска Улица 6 соседен ДУП ЗА УЕ 1 УБ 3 ВЕЛЕС – ОПШТИНА ВЕЛЕС, на источна страна предметната КП граничи со две соседни парцели односно КП 1036 и КП 1037 во рамки на соседен ДУП ЗА УЕ 1 УБ 3 ВЕЛЕС – ОПШТИНА ВЕЛЕС и на западна страна предметната КП граничи со КП 1292.<br>До локалитетот има обезбедено пристап преку постојниот пат пред самата локација до проектниот опфат кој е предмет на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 - Индустрија за производство на храна - згради од прехрамбена индустрија - фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа и складови на дел од КП 12928, КО Велес, Општина Велес. Границата на предметната Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.2 - Индустрија за производство на храна - згради од прехрамбена индустрија - фабрички комплекси, индустриски работилници, хали за монтажа и складови на дел од КП 12928, КО Велес, Општина Велес е со следниве координати:<br>N X Y<br>1 7563482.75 4620623.51<br>2 7563438.79 4620640.69 |

| |
|---|
| 3 7563425.79 4620602.73<br>4 7563430.75 4620599.45<br>5 7563456.45 4620582.81<br>6 7563460.81 4620580.15<br>7 7563467.39 4620576.38<br>8 7563472.88 4620594.6. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

## Местоположба на локацијата и ружа на ветрови




Општинска граница

Катастарска граница

Г2-лесна индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта-Y21815



| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Просторот кој е предмет на разработка на овој Урбанистички проект се наоѓа на терен кој е градежно неизграден. Потенцијални влијанија врз животната средина од изведување и оперативност на планскиот документ може да настанат од :<br>Несоодветно управување со отпадот за време на градежна и оперативна фаза. За време на градежната фаза влијанија се очекувани многу мали од емисии во воздух, промена на пределот , влијанија од евентуално истекување на моторно масло од механизацијата . Други влијанија не се очекувани. За време на оперативна фаза очекувани влијанија се од создавање на отпад, санитарно фекални отпадни води од вработените. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е еден од принципите врз кој е поставен планскиот концепт. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Со планирање на просторот ќе се зголеми процентот на изградено земјиште во однос на неизградено, заради тоа што во самата зона постојат неизградени површини кои се планираат. Времетрањето на влијанијата врз животната средина се краткотрајни во фаза на изградба и оперативна фаза тоа: и во воздух , евентуално отпад , несакани инцидентни истекувања и сл. и овие влијанија се краткотрајни, , локални и со мал интензитет доколку истите се контролираат.<br>Во оперативна фаза влијанија се од создавање на отпад , отпадни води (санитарно-фекални) и овие влијанија се незначајни со долготраен ефект поради фактот дека планираните објекти долго ќе опстојуваат на предметната локација , но во услови на нивно контролирање. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина , животот и здравјето на луѓето ако се има во предвид намената на просторот, а се очекува перспективно да се развијат дејности кои не се со кумулативно влијание врз животната средина ако соодветно се управува со отпадот кој што ќе се создава, соодветно се управува со емисиите во воздух, водите и сл и заради природата на планираните проектни содржини кои не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |

| | |
|---|---|
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на природни непогоди, но за истите ќе се предвидат соодветни мерки и заштита. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Популацијата која ќе биде засегната се состои од жители во општина Велес и катастарската општина, вработените во деловните објекти. Со последниот попис на населението во општина Велес во 2021 година се евидентирани 48.463 жители на површина од 427,45 км2.<br>Општина Велес е со мошне поволна местополжба лоцирана во централниот дел на државата. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Услови за планирање на просторот со намена изградба на згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници хали за монтажа и складови, КО Велес, Општина Велес го поддржува концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој, придонесот за зголемување на вработеноста, подобрување на условите за живеење, на граѓаните.<br>Поволната географска местоположба , добрите микроклиматски услови , добрата сообраќајна поврзаност, одат во прилог на реализиација на овој проект.<br>Со одобрувањето на предметниот Урбанистички проект ќе се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целокупното непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила.Подобрување на локалниот економски развој, отворање на нови работни места, подобрување на социјална состојба на населението.Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативни влијанија на производни процеси и технологии врз животната и работна средина. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно добиено писмо од Министерство за култура – управа за заштита на културно наследство со технички број 17-999/2 од 23.03.2023 година, во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, а на подрачјето на катастарската општина Велес, има регистрирани со Решение недвижни споменици на културата (Експертен елаборат): Археолошки |

| | |
|---|---|
| | локалитет "Кале", Велес, антика до среден век; Манастир Св.Димитрие, Велес, 1855 год; Партизански гробишта во дворот на црква Св.Пантелејмон, Велес, 20 век; Спомен костурница, Велес, 20 век; Фазил Ахмед - паша џамија, Велес, 18 век; Црква Св.Ѓорѓи, Велес, 19 век; Црква Св.Марко, Велес, 14 век; Црква Св.Никола, Велес, 14 век; Црква Св.Спас, Велес, 1840 год. Археолошки локалитет "Венуле", Велес, 4-6 век; Археолошки локалитет "Винарска Визба", Велес, римски период; Археолошки локалитет "Петрова Чешма", Велес, римски период; Спомен куќа на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Велес, 20 век; Црква Св. Богородица,Велес,1874 год.; Црква Св.Јован, Велес; Црква Св.Недела, Велес, 19 век; 9. Црква Св.Пантелејмон,Велес,1840 год.; Црква Св.Троица, Велес; Црква Св. Успение Богородично, Велес, 1877 год.<br>Во Археолошката карта на Република Македонија , на КО Велес евидентирани се следните локалитети:<br>КО Велес - Винарска визба, некропола од римското време северно од градот, на левата страна на Вардар се пронајдени гробови со кремирање и инхумација; Кале, градиште од доцноантичко време и др.<br>Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на објектот, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 20/04...... 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштитана културно наследство во смисла на член 129 од Законот. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат. Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи. |
| Интензивна употреба на земјиштето | При увидот на лице место, согледано е дека просторот е градежно неизграден, односно нема постоечки објекти во функција, со што треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби на инвеститорот.При изградбата на предвидените содржини во проектниот опфат да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. За време на градежните |

| | |
|---|---|
| | активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, реупотреба на вишокот земјен материјал од ископите, организирано управување со отпадот.<br>Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво соодветни насади. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за изградба на згради од прехрамбена индустрија-фабрички комплекси, индустриски работилници хали за монтажа и складови, КО Велес, Општина Велес, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Доколку при изработка на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се дефинира намената на земјиштето во планскиот опфат во кој се дефинирани услови за градење во планскиот опфат. Изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, доградбите, надградбите, реконструкциите и адаптациите на постојните градби, исто така во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштита на животната средина и техничките прописи во градежништвото.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Во блзина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба и нема препораки за организација на јавни функции на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има

| |
|---|
| поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со донесување ќе се обезбеди повисока организација на просторот,инфраструктурна доопременост, тој ќе претставува нов циклус во развој на економијата, стопанството, а со негово имплементирање ќе се допринесе за зголемување на вработеноста, подбрување на животниот стандард и унапредување на животната средина. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Не се очекуваат значајни еколошки проблеми, единствено од неправилното управување со отпадот, направилно канализарање на отпадните води кои ќе потекнуваат во вработените и производните, емисии во воздух од движењето на возилата, неправилно постапување со отпадни води може да доведат до загадување на почва, подземни води и загрозување на човековото здравје. Заради тоа целокупната активност во овој плански опфат ќе се насочува кон одвивање на непречен развој со истовремена заштита на животната средина и сведување на минимум на горенаведените влијанија врз сите медиуми во животната средина. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ е во корелација со Просторниот план на РМ. До сега, за предметната локација не е донесен плански документ и поради тоа сите влезни параметри при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области се базираат на Просторниот план на Р.Македонија. Со самата иницијатива за изработка на Урбанистички проект се врши делумно истражување како и се определуваат активностите и организацијата на просторот и во согласност со Стратегија за управување со води во РМ (2008-2020), Нациналните планови за управување со отпад. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Согласно Законот за животна средина(„Службен весник на РМ" бр. 53/05......171/22), и Уредбата за определување на критериуми врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оценка на влијание врз животната средина потребно е да се утврди потребата од спроведување на постапка за оцена на |

| | | |
|---|---|---|
| влијание врз животната средина. Потребата од оцена на влијание ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина правни или физички лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои согласно закон и прописите донесени врз основа на овој закон, се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. Оваа постапка се започнува пред да се започне со спроведување на градежната фаза од спроведување на проектот, а со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина. | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | Градоначалник на Општина Велес<br>Марко Колев |
| Датум : 18.07.2024 год.<br>Место : Велес | | М.П. |